РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2190/1
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 21-та седница одржана на 15.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-3065/1 од 30.11.2024 година, против лицето ----, вработена во Министерството за ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со бр. 12-3065/1 од 30.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 30.11.2024 година, поднесена е пријава лицето ----, вработена во Министерството за ---- и е оформен предмет број 12-3065/1 од 30.11.2024 година.
Во пријавата подносителот ја образложува професионалната кариера на посоченото лице, односно нејзиното унапредување, именување за директор на ЈУ ---- во 2018 година, како и задачите на работните места кои ги извршувала по завршувањето на мандатот, а притоа е посочено дека истата целиот работен век работела неквалитетно од причина што имала слаби стручни и професионални капацитети.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување од причина што нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Ова од причина што видно од податоците содржани во тековната состојба на ЈУ ----, лицето ---- ја извршувало функцијата директор од ---- година до ---- година, а бидејќи пријавата не содржи конкретни наводи за извршени злоупотреби, се констатира дека нема елементи за натамошно постапување и утврдување на неправилности во работењето на горенаведеното лице за време на неговиот мандат како директор на споменатата јавна установа.

Дополнително, во врска со наводите на подносителот на пријавата за слабите стручни и професионални капацитети на лицето ----, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, односно дека за ценење на истите е надлежен работодавачот на горенаведеното лице.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk